# ЗАПИСНИК

*од Осмата седница на Националниот совет за евроинтеграции*
*одржана на **17 септември 2009 година, 11 часот***
*Сала на Уставна комисија, Собрание на Република Македонија*

Седницата започна во 11.10 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Радмила Шекеринска, претседател на Националниот совет за евроинтеграции.

На седницата присуствуваа г. Лукас Мелка, раководител на Одделение за оперативни работи: економија и финансии, г-ѓа Емануел Гујхенеуф, раководител на оперативни работи 2 , г-ѓа Катерина Кус-Иванова таскменаџер - ИПА координатор, г. Петер Тросте, претставник од Амбасадата на Кралството Шведска, г. Драган Тилев, државен советник во Секретаријатот за европски прашања, г-ѓа Орхидеја Каљошевска, раководител на Сектор за странска помош во Секретаријатот за европски прашања, г-ѓа Душица Перишиќ, извршен директор на Заедницата на единици на локална самоуправа во Република Македонија, г.Блерим Златку, директор Стопанска комора на северо-западна Македонија, членови на Националниот совет за евроинтеграции, медиумите и службата на Собранието на Република Македонија.

За седницата беше предложен следниов :

**Дневен ред :**

1. **Информација за Инструментот за претпристапна помош (ИПА) - факти, статус, поставеност.**

Дневниот ред беше усвоен едногласно.

## ТОЧКА 1.-ИНФОРМАЦИЈА ЗА ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ (ИПА) - ФАКТИ, СТАТУС, ПОСТАВЕНОСТ.

Воведно излагање по однос на единствената точка од дневниот ред имаше г. Драган Тилев, државен советник во Секретарјатот за европски прашања.

Во дискусијата со свои излагања учествуваа : г-ѓа Радмила Шекеринска, претседател на Националниот совет за евроинтеграции, г. Лукас Мелка, раководител на Одделение за оперативни работи: економија и финансии, г-ѓа. Емануел Гујхенеуф, раководител на оперативни работи 2 , г. Димитар Мирчев, претставник од кабинетот на

Претседателот на Република Македонија, г. Мирче Чекреџи, претставник на Сојузот на синдикати на Македонија, г-ѓа Душица Перишиќ, извршен директор на Заедница на единици на локална самоуправа во Република Македонија, г. Кенан Хасипи, пратеник во Собранието на Република Македонија и член на Советот и г.Блерим Златку, директор Стопанската комора на северозападна Македонија.

Учесниците во дискусијата ја поздравија дебатата за Инструментот за претпристапна помош и ја потенцираа неопходноста од зајакнување на административните капацитети на Република Македонија за користење на европските фондови, со цел исполнување на економските критериуми и справување со силната конуренција во Европската унија. Се работи за инструмент кој бара инволвирање на сите институции на сите нивоа во кој треба да се вклучат не само Владата на Република Македонија туку и сите останати, за успешно користење и апсорбирање на сите средства кои се на располагање. Ова претставува значаен момент бидејки оваа помош ќе претставува не само помош за економски раст туку и ќе овозможи повеќе работни места и можност земјата да се подготви за подобро искористување на фондовите за пристапување.Влегувањето во Европска унија ќе не соочи со силна конкуренција за која сме свесни и треба да се подготвуваме за денот кој ќе дојде. Да се обезбеди максимално искористување на средствата и ефикасен систем на децентрализирано управување со средствата на ИПА Фондот.

Советот заврши со работа во 12.50 часот.

Составен дел на овој записник се стенографските белешки од Осмата седница на Советот и списокот на присутни членови и претставници.

**РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОРОТ ЗА ПОДДРШКА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

**Даниела Велковска**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

**Радмила Шекеринска**

Република Македонија * Собрание на Република Македонија * Скопје *

БР. 30-3814/3
31.12.2009